**Финален извештај од извршен редовен инспекциски надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола на субјектот Дооел Свислион Агроплод**

**-согласно член 37 став (8) од Закон за инспекција во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) -**

**(02.06.2025 год.)**

Дооел Свислион Агроплод е субјект со дејност 10.82 – Производство на какао, чоколади и кондиторски производи кој согласно член 122 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) а, во врска со **Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрираната еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со опративен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план** ( ,,Сл.весник на РМ,, бр.89/2005) **Прилог 2, точка 6.4** има обврска да поседува **Б-интегрирана еколошка дозвола.**

Општина Ресен како надлежен орган има издадено Б-интегрирана еколошка дозвола за субјектот на ден 01.03.2016 год. Согласно член 126 став (8) од Закон за животна средина на ден 01.06.2023 год. Општина Ресен издава нова Б-интегрирана еколошка дозвола , бр. УП-1-18-1.

Субјектот Дооел Свислион Агроплод согласно Закон за животна средина подлежи на редовен инспекциски надзор од страна на општинскиот инспектор за животна средина.

На ден 30.04.2025 год. од страна на општинскиот инспектор за животна средина Андријана Георгиевска Зебековска со број на легитимација **28-0002** извршен е редовен инспекциски надзор во субјектот Дооел Свислион Агроплод. Надзорот се изврше по предходно доставено известување за вршење на редовен надзор со листа за проверка согласно член 69 ставови (2) и (3) и член 70 од Закон за инспекциски надзор (,,Сл.весник на РСМ,, бр.102/19).

Надзорот е извршен во присуство на лицето инж. Ангела Марковска , шеф на инвестиции и одговорен за организирање производство во Дооел Свислион Агроплод.

**Редовниот инспекциски надзор се изврше согласно следнава листа за проверка предходно доставена до субјектот:**

**-Закон за животна средина:**

Надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола –дали се почитуваат условите наведени во дозволата;

**-Закон за управување со отпадот:**
1. Дневник за евиденција за постапување со отпад;
2. Тригодишна програма за управување со отпад;
3. Извештај за спроведување на мерките од Програмата за управување со отпад за 2023 год.;
4. Годишен извештај за постапување со отпад од правни лица за 2024 год. согласно **Правилник** („Сл.весник на РМ„ бр,7/2006 год.);
5. Постапување со отпадни масла (евиденција,транспортен формулар);
6. Постапување со расителни масла (евиденција, транспортен формулар)
6. Договори со соодветни субјекти за постапување со видовите отпад и отпадните масла;

**-Закон за води;**
1.Дозвола за испуштање на отпадни води;
2. Надзор над постапувањето со отпадните и атмосферски води кои се генерираат од субјектот (од сите погони)
3.Користење на вода за технолошки потреби

**-Закон за квалитет на амбиенталниот воздух**
1.Стручен извештај од последно извршено мерење на емисии од стационарни извори;
2. Дневник на емисии во амбиентниот воздух од стационарни извори 2025 год.

По извршениот редовен надзор согласно член 37 став (5) и став (6) од Закон за инсепкција во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) составен е **предлог извештај бр.22-508/1** и на ден 14.05.2025 год. истиот е препратен до субјектот на надзор за да достави забелешки по извештајот.

Дооел Свислион Агроплод не се произнесе по доставениот Предлог извештај

Врз основа на сето погоре наведено на ден 01.06.2025 год. составен е следниот **финален извештај од извршениот редовен инспекциски надзор во субјектот на надзор Дооел Свислион Агроплод:**

Дооел Свислион Агроплод постапува согласно член 27 од **Закон за управување со отпадот („Сл.весник на РСМ„ бр.216/2021)** т.е има изработено Програма за управување со отпад за тригодишниот период 2023-2024-2025 год. Врз основа на Програма за управување со отпад за 2024 год. а, во врска со член 29 од истиот закон

изработен е **Извештај** за спроведување на мерките од наведената програма за 2024 год. Исто така согласно член 50  од истиот закон изработен е  **Годишен извештај** за постапување со отпад од страна на правни лица врз основа на  дневникот за евиденција.  Наведените извештаи од страна на субјектот се доставени по пошта до Стручен орган при Министерство за животна средина и просторно планирање. Субјектот за количината и видовите отпад кои се генерираат од секојдневното работење согласно член 50 води **Дневник за постапување со отпад** во пишана и електронска форма. Да напомeнеме дека изработените извештаи и Дневникот на евиденција се изработени и согласно Правилник **за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад („Сл.весник на РМ„ бр.7/06).** Субјектот има ангажирано едно стручно оспособено лице-управител со отпад со кој е склучен договор. Со ова е постапено согласно член 48 од Закон за управување со отпадот. Дооел Свислион Агроплод има склучено засебни договори со правни субјекти кои вршат собирање и траспортирање на видовите отпад кои се генерирааат од субјектот. Секој вид на отпад се собира уредно и во соодветни садови. За одржување на возниот парк со кој располага субјектот склучен е договор со автосервис Преспа СЗД. Согласно тоа субјектот Дооел Свислион Агроплод не е задолжен за собирање на отпадно моторно масло и почитување на другите обврски кои произлегуват согласно Закон за управување со дополителни текови на отпад („Сл. Весник на РСМ„ бр.216/2021).

**Од сето погоре наведено следува дека Дооел Свилион Агроплод ја почитува законската регулатива согласно Закон за управување со отпадот („Сл.весник на РСМ„ бр.216/2021).**

Отпадните води од технолошки процес и фекалните води од субјектот се приклучени на градскиот канализационен систем .

**Од тука следува дека од субејктот не се генерираат отпадни води кои се испуштаат во животната средина.**

Дооел Свислион Агроплод користи вода како суровина (во технолошки процес) и вода за одржување на хигиената во објектите. Вода се користи од градскиот водоводен систем и подземни води од бунар.

За користење на подземни води за технолошки потреби , за бунар кој се наоѓа на **КП 4468/1 во КО Ресен  Министерството за животна средина и просторно планирање во 2018 годл. му издаде дозвола број УП-11/5-1778/2018 за користење на подземни води за технолошки потреби.**

**Согласно наведеното испуштањето на отпадни води од субјектот и црпењето на подземни води за технолошки потреби е регулирано со закон т.е не се констатирани недостатоци во работата на Дооел Свислион Агроплод согласно**

**Закон за води („Сл.весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21)**

Субјектот Дооел Свислион Агроплод располага со три стационарни извори-ложишта кои користат реагенс ТНГ истите се со топлинска моќ над 1MW и тоа:

- парен котел тип SIXEN 2000 ,
- топловоден котел MAVIL тип TK 1000,
- парен котел тип SIXEN 3000

Согласно Закон за квалитет на амибентниот воздух (,,Сл.весник на РМ,, бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/2011, 163/2013, 151/2021) а, врз основа на програмата за подобрување од Б-интегрираната еколошка дозвола субјектот има обврска да врши мониторинг т.е мерење на емисите во воздух од стационарни извори од страна на акредитирана лабораторија на секои две години.

Согласно **Правилник** за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на згадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (,,Сл.весник на РМ,, бр.141/2010) за капацитетот на на ложиштата и видот на гориво Дооел Свислион Агроплод има обврска да ги мери следниве параметри: **прашина, јаглерод моноксид (CO), сулфурни оксиди изразени како (SO2) и азотни оксиди изразени (NO2).**

На ден 26.03.2024 год. од страна на акредитирана лабораторија извршено е мерење на емисиите во воздух од стационарни извори и согласно Стручниот извештај од извршеното мерење не е констатирано надминување на граничните вредности кај ниеден од измерените параметри. Врз основа на извршеното мерење а, согласно **Правилник за формата и содржината на обрасците на доставување на податоците од емисиите во амбиентниот воздух од стационарни извори, начинот и временскиот период на доставување согласно капацитетот на инсталацијата, содржината и начинот на водење на дневникот на емисии во амбиентниот воздух ( „Сл.весник на РМ,, бр.79/2011 )** Дооел Свислион Агроплод има составено Дневник на емисии во амбиентниот воздух од стационарни извори и истиот е доставен до Македонски информативен центар за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање.

Субјектот наредното мерење на емисии во воздух треба да го прави во 2026 год.

**Од извршениот редовен инспекциски надзор не се констатирани недостатоци, субејктот Дооел Свислион Агроплод ги почитува условите наведени во Б-интегрираната еколошка дозвола, ја спроведува Програмата за подобрување.**

Општински инспектор за животна средина

Андријана Георгиевска Зебековска